Ристо КАЛЧЕВСКИ

Марика Бочварова Плавевска

MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

АСПЕКТИ НА ПИКТУРАЛНОТО - **РИСТО КАЛЧЕВСКИ**
ASPECTS OF PAINTING – RISTO KALČEVSKI

1. АВТОПОРТРЕТ / SELFPORTRAIT, 1957
масло на платно / oil on canvas, 111 x 75

Марика Бочварова Плавевска
Marika Bočvarova Plavevska

АСПЕКТИ НА ПИКТУРАЛНОТО - **РИСТО КАЛЧЕВСКИ**
ASPECTS OF PAINTING – RISTO KALČEVSKI

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ
MUSEUM OF CONTEMPORARY ART-SKOPJE
јуни 2001/*June* 2001

Музеј на современата уметност, Скопје
Аспекти на пиктуралното - Ристо Калчевски
Одговорен уредник: Емил Алексиев
Автор на изложбата: Марика Бочварова Плавевска
Соработници: Марина Лешкова и Маја Чанкуловска
Биографија: Марина Лешкова
Библиографија: Лилјана Неделковска
Ликовно обликување: Стефан Георгиевски
Фотографии и слајдови: Марин Димески
Превод на англиски: Маја Хаџимитрова Иванова
Печатница: Скенпоинт
Тираж: 500

Museum of Contemporary Art, Skopje
Aspects of painting – Risto Kalčevski
Editor in Chief: Emil Aleksiev
Autor of the exhibition: Marika Bočvarova Plavevska
Associates: Marina Leškova and Maja Čankulovska
Biography: Marina Leskova
Bibliography: Liljana Nedelkovska
Lay-Out: Stefan Georgievski
Photographs and slides: Marin Dimeski
Translated into English: Maja Hadjimitrova Ivanova
Printed by: Skenpoint
500 copies

на корицата:
27.СЛИКА 810 / PAINTING 810, 1968
комбинирана техника на платно / mixed media on canvas, 77 x 77

Министерство за култура

Особена благодарност до сопругата Вера Калчевска и до приватните лица и институции кои ги позајмија делата за изложбата.
Special thanks to the wife Vera Kalčevska and all the other persons and institutions that had lend their works for this exhibition.

Вовед

Моите заложби во овој проблемски поставен проект, (концентрирани на текстот, но и на концептот за изложбата) би требало да произведат ефект чија функција е да се совладаат 'препреките' при навлегувањето и при воспоставувањето на форми на интерпретација кои сé повеќе нé приближуваат до реалната историзација. При тоа главно е таа да се аргументира барем со одреден критички, теоретски или ликовен сегмент. Во овој случај се обраќаме само кон сликарскиот медиум на Ристо Калчевски. Потребата за комуникација со неговите слики е иницирана, не само од естетската и пиктуралната преокупација, туку и од неговиот творечки манир којшто предизвикува повеќекратни тензии, симулирани од различните сликарски постапки. Оригиналноста на организацијата на сликата и автономниот начин на мислење, Калчевски ги оствари со повторување на еден или неколку специфични елементи кои дури и го потиснуваат факторот на бојата, но нејзината елаборација на (случајни или не) пиктурални и естетски интервенции главно се дел од традиционалните видови на модерното (во овој случај апстрактно) сликарство. Употребените модалитети и комплексниот репертоар на уметниковата практика применета во оваа дисциплина 'крие' впечатливи значења, полни со проблемски актуелности и со мошне провокативни моменти инкорпорирани како релевантни феномени. Во тој контекст, ја ставам и ја потенцирам, општо прифатената идеја за природата на сликарскиот медиум, во кој е преферирана методот на предодреденост кон рационалистичките принципи и тоа во моменти кога тие го допираат степенот во којшто сликата е искористена само за објективизирање на проблеми околу пластично-просторниот и чисто перцептивниот карактер (идеја која кореспондира и претставува еден од основните елементи кои ја иницираат почетната фаза во толкувањето на овие слики). Истовремено, овие проблемски референци се наметнуваат како реперни во искоренувањето на одредени дилеми, особено кај нас наталожени веќе подолг период, а забележителни особено во приодот кон одреден проблем, кон индивидуата, но и кон двата основни постулати на ликовното во уметноста: пиктуралното и скулптуралното.



2. ФИГУРИ ВО ЗЕЛЕНО / FIGURES IN GREEN, 1959
масло на платно / oil on canvas, 110 x 74

3. ПУКНАТИНИ / CRACKS, 1960
масло на платно / oil on canvas, 75 x 60

Кратка хронологија на творештвото на Ристо Калчевски
(една можна варијанта)

Во неколку деценската манипулација со временските координати реперни при одредувањето и консолидирањето на ликовните појави кај нас, најверојатно е веќе склопен мозаикот на епохата на модернизмот во Македонија, во којшто личноста на Калчевски е соодветно инкорпорирана. Како потврда ќе ми послужат неколку објавени текстови. Поаѓам од назад, од последната кратка, концизна (корисна и како вовед) енцилопедиска референца, објавена на CD-Rom, 2000. (автор Небојша Вилиќ), којашто го содржи следново:
"Од шеесеттите години, појавата на Калчевски ќе навести автор кој ќе се наметне на ликовната сцена со специфични истражувања во рамките на апстрактната уметност во Македонија. Неговите дела од првиот период од крајот на шеесеттите и раните седумдесетти, работени во комбинирана техника, ќе претставуваат истражувања на деконструкцијата на сликовното платно: како 'сликарски' материјал Калчевски употребува разнородни материјали со цел конструктивистички да ја надгради сликата. Таквата постапка му овозможува постигнување на текстура-релјефност којашто го дели сликарското платно на полиња и планови, блиски до асоцијативноста на воздушни снимки на непознати урбани предели. Во подоцнежната фаза со примената на други материјали (воглавно хартија којашто ја користи за текстурна подлога) Калчевски ја напушта можната асоцијативност и создава дела со беспредметна провениенција. Неговиот интерес кон чисто апстрактните разработки е согледлив и преку неговото настојување во насловите да не даде никаква можност за поврзување со било каква референост".

Логиката на модернизмот, на критиката и на теоретските расправи во уметноста кај нас на некој начин беше нарушена, бидејќи пишаниот збор за настаните на ликовната сцена често беше изречен од страна на писатели и на поети (понекогаш иницран и лесно прифатен од самите уметници). За поширокот круг на љубители на уметноста, тие се одразуваа како ставови во кои се изнесени симпатични, дури и

шармантни видувања. Но, сега, па и натаму ќе наидуваме на констатации кои ја негираат елоквентноста на овие мислења преку откривањето на некомпатибилноста со оние напори на авторите, произлезени од сопствената интуиција која всушност ги предодреди на поинакви стандарди, иманентни на духовните состојби во ликовниот живот: нови искуства произлезени од импулсот на доминантите тенденции во шеесеттите, па и во седумдесеттите.
На пример, да се потсетиме како Матеја Матевски во 1978. (по повод изложбата во Париз) го 'опиша' сликарството на Калчевски: *"...Ако е поезијата единствениот 'нелитерарен' жанр во литературата, кажано во ликовна смисла на зборот, тогаш да се послужиме со неа: Ристо Калчевски е поет на палетата, на платното, на материјата на боите од кои ја создава нереалната и недосегливата материја на својата сликарска имагинација. Неговиот сликарски сензибилитет се движи во две насоки, во два навидум спротивни правци: драстична згуснатост и кон лирска озраченост; во поголема мерка кон првата, во помала кон другата. Првата длаби во свеста, во потсвеста, во сонот, во сеќавањето, откривајќи ги темните слоеви, тајновити, мистериозни и мистични, на постоењето и прет-постоењето, на пејзажот, навестувајќи ги низ рамни гами низ кои се нasира и од кои се подава материјата и нејзиното доживување, во мешањето, во пластењето, во грчот да се обликува и дефинира, останувајќи далеку зад нивниот раб; втората, во треперењето на синото, на зеленото, на оранжот ги наоѓа далечните асоцијации на еден пејзаж на ведрина, на трепет, на лиризам. И тие навидум спротивни насоки стојат врз една оска на пригушени и пригушувани бранувања и потреси на сензибилитетот кој ја наоѓа во неа својата јадровита духовна и ликовна синтеза..."*

Претходно цитираниот пасус е само еден од предизвиците, а паралелно и обид преку специфични секвенци да го 'реинтерпретирам' неговото творештво, но не со априорна негација на ваквите размислувања. Напротив, овие секвенци преку проширувањето (истовремено и селектирањето на мислења), можат да нé доведат до конотации на една мошне симплифицирана историска ретроспектива (на историска личност и на одредени историски појави). Денешната критичка мисла, во ваквите констелации ја има мошне значајната улога (пред сé, заради временската дистанца, дополнителните искуства итн.), бидејќи го олеснува и го релаксира приодот, чие ниво и флексибилност од друга страна овозможува и промени во гледањето на сликата посебно, со што се предизвикуваат и одредени поместувања во критериумите при валоризацијата, па и во определбите на поединечното дело.
Почетната елаборација на миговите во кои се конструираат согледувањата околу овој автор ја наметнува потребата од почитување на проблемските алтернативни позиции (критички опфатени во одредени текстови) во кои опстојуваше нашата уметност после 1960-та. Овие принципи се применети во досегашните релативно голем број анализи

4. КОМПОЗИЦИЈА ВО ВЕРТИКАЛА / VERTICAL COMPOSITION, 1961
масло на платно / oil on canvas, 130 x 90



6. ПЕСОК И ТУЛА / SAND AND BRICK, 196
масло на платно / oil on canvas, 130 x 79

Изглед од изложбата во Салонот на МСУ (на ул. Ѓуро Салај), Скопје, 1968.
View from the exhibition in the Gallery of MOCA, Skopje, 1968.

посветени на делата на Калчевски, затоа што во нив, всушност е сублимирана дефиницијата на неговиот сликарски израз (особено во оние на Борис Петковски од крајот на шеесеттите, како и во оние на Соња Абаџиева од почетокот на осумдесеттите).
Нивните толкувања, публикувани во каталозите за неговите самостојни изложби, од семиолошки, формалистички, па и од филозофски аспект елокветно ја разработија поетиката на ова сликарство (при што се респектираа и конкретните фази на авторот). Опфаќајќи ги и издвојувајќи ги сегментите, битни за ставање во контекстот на актуелните тенденци (кај нас, пред сé) обајцата критичари се приближија до сфаќањата на самиот уметник и на уште десетина генерациски и творечки блиски уметници, чии афинитети кон иноваторските појави во европската уметност потполно ги оддалечија од идеолошките или од формалните замки на конкретното време.
Во 1968. во тогашниот Салон на МСУ (на ул. Ѓуро Салај) Калчевски имаше мошне значајна изложба, која обединуваше неколку важни

СЛИКА 803 / PAINTING 803, 1968
комбинирана техника на платно / mixed media on canvas, 132 x 102
сопст.: МСУ, Белград





14. СЛИКА 74-1965 / PAINTING 74-1965, 1965
масло на шпер-плоча / oil on playwood, 49 x 30

16. СЛИКА 7-66/67 / PAINTING 7-66/67, 1966/67
комбинирана техника на дрво / mixed media on wood, 97 x 52

моменти - воедначен квалитет на делата во (за него) важен авторски период, потоа елаборација на елементите содржани во неговиот дотогашен сликарски опус (во каталогот за изложбата), но и впечатлива поставка на овие дела во веќе споменатиот Салон. Цитираните (на моменти и парафразирани) реченици кои следат се извлечени од текстот на Борис Петковски.

1955. година е нефицијален датум кога тој започнува да го користи своето слободно време да го користи во создавањето на уметнички дела по свој вкус, и покрај тоа што сé уште ги имал обврските на Академијата за ликовни уметности во Љубљана. По завршувањето на Академијата (1957). *"пост-академските творби ги прикажува на една групна изложба во Прилеп"*, во кои е битна забелешката дека во нив е *"доживеана една карактеристична 'скратена' пиктурална еволуција..."*, потоа искуства од *"синтетичкиот кубизам, усогласени строги односи, елиминација на светло-сенка и валерски решенија."* (нотирани се сликите **Автопортрет, Мртва природа** и **Портрет**).

1959. е значајна по тоа што ги создаде: **Две фигури, Фигура во кафено, Фигури во зелено** и **Легната фигура**, со сосема изменет ликовен третман, којшто ќе се вклопи во концепцијата на првата изложба на групата **Мугри** во 1960., поради нивната асоцијативност во која фигурата (сепак) не е сосема елиминирана.

Во 1960. тој "*ја почувствувал потребата од минуциозно пречистување на палетата*" се залага за *"поригорозна стилска чистота и воопшто за облагородување на фактурата"* (реперни примери од овој период се **Гнило** и **Пукнатини**).

Во 1961. ја има шансата за прва самостојна изложба (заедно со Драгутин Аврамовски) кога презентира осум слики, неколку настанати во претходната година, но во оние настанати во 1961. се чувствува *"...поголема критичност и грижа за облагородување на пиктуралните средства... нивната припадност на апстрактното сликарство... кон 'смирена' лирска апстракција... Во нив Калчевски на еден обопштен и битно пиктурален начин ја обликува својата визија за некои феномени од стварноста*". (**Композиција во вертикала, Расцутени форми, Имагинарен јазол, Пареа, Зреење).**

Во извонредната серија на слики настанати во следната 1962. (**Песок и камен, Песок и тула, Слика 37** итн.) *"е појавена тенденцијата кон облагородување на ликовните медиуми, кон пиктурален рафинман на обработка на секој дел од површината на сликата, не со ригорозна архитектонска шема, туку со деликатно взаемно преливање и нијансирање на поедини обоени парцели..."* Нивната релевантност се состои во она што на сликата ѝ е 'вратена' индивидуалната сензибилност, особено при изборот на одделни пасажи, произлезени како регистрација на средбата на боите во самиот процес на изработката на делото, чија екстатичност е контролирана.

1963. година е обележана со делата: **Слика 14, Слика 46, Слика 61**, **Слика 63** во кои е сочувана *"основната внатрешна движечка потенција"*,

12. СЛИКА 48 / PAINTING 48, 1964
масло на платно / oil on canvas, 60 x 45



22. СЛИКА 802 / PAINTING 802, 1968
масло на дрво / oil on wood, 74 x 34,5

19. СЛИКА 85-68 / PAINTING 85-68, 1968
комбинирана техника на дрво / mixed media on wood, 117 x 78

36. СЛИКА / PAINTING, 1973
комбинирана техника на платно / mixed media on canvas, 75 x 60

таа година истовремено е почеток на периодот којшто трае до 1968. определен како *"апстрактен пејзажизам и апстрактен натурализам"*. Петковски потсетува дека овие терминолошки конструкции се создадени од Мишел Рагон и главно го опфаќаат проблемот на *"...пластично формулирање на една медитативна, пантеистички и дијалектички обележана визија на природата...истражување на нов, пиктурален простор, кој кај современите сликари е различен од оној што е создаден во средниот век и ренесансата. Тој денешен сликарски простор е сосема поинаков...современиот сликар не настојува да го совлада со законите на перспективата: па и тогаш кога се користи со неа тој ја преобразува не во натуралистичка, туку во една нова динамична перспектива"*.
Неколкуте карактеристики изнесени претходно Калчевски ги применува во 1964.-1965. кога *"создаде редица слики во кои е обликувана една имагинарна геологија, имагинарен простор, сиот обземен од 'сеќавања' ... 'повикување' , асоцирање на природата... Неговиот битен белег е значително проширување на пиктуралните медиуми со внесување 'несликарски' материјали во знатно нагласена пастуозност на фактурата сé до претворање на површината на сликата во своевиден релјеф* (**Слика 45, Слика 48, Слика 49, Слика 51, Слика 53**, настанати во 1964.*)...значат претпазливо и постепено развивање на овие насоки...Продирајќи обмислено во 'метафизиката' на пиктуралната материја, Калчевски ја чувствува како производ на феноменот што се вика живот..."*, додека во делата од 1965.: **Слика 52, Слика 69, Слика 74, Слика 77** и др. оваа ликовна стратегија е конечно вообличена - парцелизирање на сликата во делови, чија разновидна колористичка функција се засилува со скоро релјефно, реско одделување една од друга.
Веќе во периодот на 1967.-1968. се отвораат нови естетски хоризонти: *"...хомогена површина, која е само расчленета во неколку паралелно поставени слоеви на дрвени плочи, разновидно профилирани и обоени, а подоцна 'катастрирањето' на фактурата го врши со густи слоеви боја со релјефни додатоци* (**Слика 81**, **Слика 84, Слика 85, Слика 86, Слика 89, Слика 803, Слика 806, Слика 807, Слика 808, Слика 809**, **Слика 904** итн) - *...пиктуралниот простор е во сета своја автономија"*.
Со делата кои следуваат после оваа изложба (ретко презентирани или воопшто непознати за нашата јавност), настапува период (ја потенцирам 1970-та) кога тој создава редица интересни слики или слики-објекти во кои главно го почитува воочениот принцип на парцелизирање со потенцирана релјефност. Тоа е фаза кога бојата невообичаено ја има секундарната улога во конструкцијата на површината на сликата, период кога доаѓа до израз задоволувањето на предметните својства на сликата (употреба на пластични елементи кои не само што го потиснуваат на својствен начин пиктуралниот момент, туку оставаат простор и на другата димензија на ликовното - 'скулптуралното' или објектното): **Слика 4-70**, **Слика 8-70**, **Слика 11-70, Слика 12-70, Слика 16-70** и др.

17. СЛИКА / PAINTING, 1968
комбинирана техника на платно / mixed media on canvas, 163 x 131



34. СЛИКА 16-70 / PAINTING 16-70, 1970
комбинирана техника на дрво / mixed media on wood, 122 x 104

Понатаму, во предговорот за каталогот за втората негова изложба во МСУ, Скопје (1983.), Соња Абаџиева се осврнува главно на делата создадени помеѓу 1975. и 1982. и при тоа главно потенцира дека *"...тие им припаѓаат на два вида ликовни размислувања, со специфичности што имаат симултано и комплементарен и разединувачки аспект, но во секој случај, ги задржуваат денотатите на личниот ракопис"*. Овој личен ракопис во пристапот кон апстракцијата, сепак го разграничува на две солуции (временски: до 1968. и после 1975.): *"Ако првата солуција ја доведуваме во врска со извесен 'натурализам' или 'конкретен реализам' (во условна смисла), втората е секако по идеја најблиску до своевиден 'концептуализам ' во апстракцијата... Делата реализирани од 1975. до неговото претставување во Париз (1978.) претставуваат еден вид вовед или спојница со најновите остварувања...Пејзажните панорами се сугерираат преку еден колаж на богати хроматски плохи (како бледи остатоци од овојницата на сеќавањата), во кои бојата е суспституција на појмовите (на пример зеленото ги заменува шумата, полето, нивата; умбрите-земјата, кората; синото-космосот, водата; сивото-каменот , планините; црвеното-невидливите дејствувања на енергиите, внатрешните збиднувања итн.). Овој метод на проширени асоцијации во апстрактното се применува и во структурите бидејќи формата одамна е распадната, сведена на бледа или никаква алузија на фрагмент без значење, отпочнува ерозијата на површината"*. (на пр.: **Слика 4-75,** 1975., **Слика 6-76** и **Слика 9-76** од 1976., **Слика 21-77**, 1977. и др.). Од 1978. *"релативно јадриот ракопис од претходната етапа на преминот кон новите дела значително се успокојува...контрастот на боите се заменува со тонски принципи на градација (кафено, сино жолто, зелено, виолетово), отпочнува методот на мекото ткаење на фактурата... движењето во самото дело е на ниво на релациите меѓу истородни и еднаквозначни сегменти (еден вид на оп-арт во енформелот), со тенденција да се напушти ограничениот простор во рамката на сликата; структурата во улога на ликовен минимум станува визуелен сублимат во сликата (minimal art во енфромелот) ...сите тие движења ја создаваат формата на просторот, а не на нештата во просторот"*. (**Слика 86-79**, **Слика 86-80, Слика 12-81, Слика 13-81, Слика 14-81** и др.).

На крајот околу неговите мотивации за користење на енформелната практика во најголем број од своите дела, Абаџиева ќе констатира: *"...сликите на Калчевски им припаѓаат повеќе на уметниците од француското семејство на лирската апстракција: Базен, Сенжие, Зао Ву Ки, Бисијер, Манесје, Л'Моал, отколку на италијанско-шпанската школа: Бури, Сора, Тапијес и др. Сето спомнато досега го објаснува кантовскиот пристап во тонските треперања на пиктуралноста во неговиот енформел, од една страна, и суптилните модели на рељефните структури на материјата, од друга страна"*.

За последните остварувања (**Слика 87-88, Слика 88-88, Слика 90-88, Слика 92-88, Слика 94-88** итн.), кои излегуваат сосема од логиката на контролираниот гестуален потег од дотогашните слики, цртежи или

38. СЛИКА 6 / PAINTING 6, 1976
масло на платно / oil on canvas, 81 x 65

49. СЛИКА 92-88 / PAINTING 92-88, 1988
масло на платно / oil on canvas, 76 x 67

графики, досега не е изнесен соодветен критички коментар, кој ќе соодветствува на она што Калчевски сакаше да го изрази. За жал тој миг се повторува, бидејќи и овој пат тие не влегоа во концептот на оваа проблемска изложба, но сметам дека заслужуваат да им се посвети одредено внимание, барем со неколку реченици. Делата на прв поглед делуваат дека ја немаат релацијата со претходните негови размислувања. Оној ред што тој го практикуваше, изгледаше дека е нарушен и дека токму тој ред го предизвика нивниот 'неред'. Всушност и не постои драстичен раскол. Сметам дека потсвесно беше воден од сопствената интуиција за поврзување - надоврзување на она што му се случуваше на почетокот и на крајот на неговата кариера: првите лирските моменти во неговите слики се 'реинкарнираа' во последните.

СЛИКА 2-82 / PAINTING 2-82,1982
комбинирана техника на платно / mixed media on canvas, 40 x 35





30. СЛИКА 4-70 / PAINTING 4-70, 1970
комбинирана техника на дрво / mixed media on wood, 143 x 122

Околу аспектите на пиктуралното, концептот на монохромијата, на анти-сликата или објектот

Во кратко срочената хронологија на творештвото на Калчевски, воглавно се воочува карактерот на неговото сликарство кое постапно се лишуваше од алузивните рефлексии и го разоткриваше раѓањето на сликата поттикната од користењето на материјали кои како факти ('испишани' на површината и формирани во облик на слика) се предмет на сликата, со свест за значењето на сликарската операција. Крајот на педесеттите и првата половина на шеесеттите години се период на секнување на почетните импулси на енформелот, од една страна, и реката на структуралистички идеи кои требаа да понудат задоволителни позиции за повеќе недоумици, од друга страна. Во некоја чудна симбиоза во тој период (ова се елементи кои на некој начин се поврзани со Калчевски), се формира поимот 'пиктурално' кој во издвоени случаи се употребува како згоден модел за надминување на кризата на енформелот или барем за едно пополнување на празното место на егзистентниот немир. Наместо екстаза, пронајдена е патека за аналитичност.

Зошто, токму аспектот на пиктуралното е референтен?

Филиберто Мена во самиот почеток на шеесеттите ги разграничи поимите околу picture и painting. Првиот се однесува на карактеристиките на наративното со емоционални назнаки, додека вториот поим констатира дека е битна структуралната површина, која бара системски анализи на сопствените делови, а е создадена со нанесување на бојата на подлогатата. При тоа не смее да се пренабрегне дека со поимот painting може да се означи и миметичката и апстрактната слика. Во оптек е всушност вториот поим, којшто кај нас се користи како термин на пиктуралното.

При одредувањето на пиктуралното (или сликовното) Мишко Шуваковиќ го употребува следниов исказ: "*...пиктуралното е материјален и знаковен поредок на подлогата (хартија, платно, ѕид) којшто површината ја одредува како уметничка слика*". Потпирајќи се на вообичаеното прво правило сликата да се опфати со еден поглед како целина (како слика која се оформува во гешталт) всушност пиктуралното го продолжува 'процесот' на гледање бидејќи тоа *"е визуелен феномен, но и*

23. СЛИКА 804 / PAINTING 804, 1968
масло на платно / oil on canvas, 132 x 92

фигуративен текст кој го овозможува системот на читање. Читањето на сликата значи да се премине со поглед на површината на сликата и пиктуралното да се дефинира како специфичен невербален текст, којшто зборува за значенската организација на просторот на сликата...пиктуралното како аналогна информација е ликовен систем одреден со внатрешни врски кои дозволуваат слободна игра на погледот...сликата со пиктуралното, претставува, покажува и го изразува погледот на светот и на уметноста..., а пиктуралното искуство настанува со перцепција на сликата и со посредство на сликата, што значи дека сликата се перцепира како предмет на специфични визуелни аспекти во однос на друг предмет и дека сликата се препознава или таа декодира одредена информација како специфичен запис". (Шуваковиќ, 1999.).

Имајќи ги пред нас изнесените неколку карактеристики на пиктуралното, се чини дека сегментот на 'уметничкото' во сликарството е запоставен. Овој факт го прифаќа и самата семиологија на сликарството (или т.н. пиктурална семиологија), која повеќе е заитересирана за прашањето што е делото т.е. осликаната површина, всушност ја презема улогата која ја наложува концентрацијата кон описот на сликата како специфичен значенски израз. Така, Луј Марен (во еден свој текст 'Како да се чита сликата') ќе заклучи дека задачата на оваа пиктурална семиологија е да ги опише сликарските значења и да ги разјасни механизмите на нивната артикулација во творечкиот чин, во процесот на читањето и дефинирањето т.е. во чинот којшто одговара на естетската контемплација на сликата.

Во доцниот модернизам (во чиј систем на значења главно ги вклучуваме и делата на Калчевски) се инсистираше на појавноста и изгледот на ликовното исполнување, а не само на аспектот на посредување на значењето на уметничкото дело. Неговите монохромни остварувања (посебно оние од осумдесеттите) укажуваат на онаа трансформација на материјални, односно пиктурални знаци, кои можеби се преводливи во процесот на интерпретацијата, кој всушност ги овозможува отворените значења. Сомненијата околу ова постојано ќе се појавуваат поради одредниците чии специфичности имаат предиспозиции да се допре до историските критериуми, до традиционалните размислувања во кои сликата е дефинирана како илузионистичка и ликовна структурирана површина - апстрактна слика.

Во предвид може да го земеме и сознајниот аспект на ова сликарство. Веднаш се наметнува онаа категорија која го преферира рационалниот кодекс, во неговиот случај како тенденција која поимот на сликата го проблематизира како прецизен мануелен 'производ'. Овој приод, заради својот карактер, го усложнува и го продолжува процесот на истражувањето. Оттаму е неминовно тој да се сведе само на оној примарен стадиум кога визуелноста е посредник во обликувањето на специфичното уметничко поврзување во една кодирана целина (без разлика дали се преферира онтолошкиот или семантичкиот однос кон



26. СЛИКА 809 / PAINTING 809, 1968
комбинирана техника на платно / mixed media on wood, 130 x 96

сликата). Значи, филозофскиот дискурс во анализите на сликата на Калчевски не е во потполност остварлив. При интерпретацијата не се користат термини и модели кои неговите дела ги опишуваат како 'филозофски' објекти, но затоа визуелните феномени појавени на неговите платната се инкорпорирани во онтолошкиот поредок на апстрактното сликарство. Онтолошкиот поредок овде ја има улогата да ни овозможи навлегување во сегментот на разгледување на облиците како иконографски или знаковен запис, при тоа на моменти пробивајќи во нивото на не-слика или анти-слика (особено кога станува збор за делата настанати во крајот на шеесеттите, поточно на оние од почетокот на седумдесеттите).

Да резимираме: нагласената плошност (во првите и во последните дела) и доминацијата на ликовните неприкажувачки 'апстрактни' аспекти ги дефинираат неговите слики како модернистички, но од друга страна 'дискретната' релјефност на останатите кога се потенцира објектноста наспроти плошноста - кога тродимензионалниот пластичен елемент навлегува во просторот и се издвојува од плохата (постои рамка, понекогаш таа е дел од композицијата, а ретко - но намерно е отфрлена), мораме да го почитуваме и поимот на не-слика. Идејата на ова сликарство, всушност е базирано на еден концепт кој ја преферира монотонијата како сознаен модел, модел кој е остварен како 'таложење на искуствата' но и модел преку кој новините се изложуваат на проверка со употребата на минимални сликарски средства. Од страна на авторот тие се ставени во функција да ги акцентираат визуелните контрасти, кои имаа две страни на видување. Во крајот на шеесеттите овој концепт е постигнат како резултат на доминатната монохромна површина од која избиваат и се наметнуваат 'архитектонските' структури, произведени од материјата на бојата и од вметнатите други материјали (дрво, на пр.), додека кон крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите се воспоставува оној монотон визуелен ритам којшто отвора нови погледи. Ова би требало да претставува некаква илустрација на претходно изнесената мисла во која е поларизиран односот помеѓу модернистичките поими за слика и анти-сликата. Примерите на анти-сликата кај Калчевски коинцидираат на некој начин со карактеристиките својствени на уметниците кои нејзе ја создадоа после енформелот (како: Роберт Рајман, и др.)

Применувањето на новините во разгледувањето на едно сликарство е со цел да се одбележи принципот на прифаќање на сознанијата околу семиолошкиот пристап на сликата при што елоквентно се применува метајазичкиот метод, кој го преферира опстојувањето на ликовниот третман. Со него се воспоставуваат значења произлезени од пиктуралниот поредок. Практично, во него е содржан потенцијалот на новите читања на делата на Калчевски, во кои тешко пронаоѓаме нивна пиктурална копија, па затоа е неминовно тие да се ставаат во сопствен специфичен контекст. Поради нивната реторика можеби е пожелно да се потпреме и на мислата на Ролан Барт, која го демистифицира ставот

25. СЛИКА 807 / PAINTING 807, 1968
комбинирана техника на дрво /
mixed media on wood, 41 x 24



24. СЛИКА 806 / PAINTING 806, 1968
комбинирана техника на дрво /
mixed media on wood, 41 x 24

околу сликата дека таа може, но и не мора да ги произведе вистинските знаковни состави, бидејќи постојано е присутен дискурсот на денотација.

Самиот чин на собирање и компонирање на невообичаената, група на слики (кои во потполност не ги одразуваат сите фази на авторот) беше остварен со тенденција, освен нивната 'убавина' тие да се понудат и да поттикнат поинакви расправи или дискусии, видувања или читања. Неговите слики се апстрактни, не поседуваат нагласена агресивност (иако релјефноста им е честа карактеристика), може дури и да се констатира една впечатлива 'нежност' - резултат на употребата на хроматските нијансирања и на монохромноста. Оваа особеност донекаде го формира или го зацврстува впечатокот за одредена постојана тенденција кон 'денотација' на насоченоста кон вонликовни својства. Тоа ја остава можноста за позицијата на едно творештво во кое е во постојан интерес за потегот. Некои 'тврди' одредници за цело творештво или еднодимензионални исчитувања на определени дела не се премногу пожелни.
Воочените карактеристики им ја овозможуваат функцијата на оживување на sидните површини, особено на оние во огромниот простор на МСУ, Скопје.

Всушност концептот на текстот и на изложбата е да се доживее овој момент - момент на сликарството на Калчевски, кое служејќи се со суптилниот напад на површината, истовремено, користејќи го овој феномен, тоа го чини и врз гледачот. Придонес кон овој впечаток има и фактот дека неговите слики се ослободени од прикажувачкиот кодекс. Чистиот сликовен, пиктурален збор е во прв план. Неговата доминација го наметнува прашањето: дали токму тој сликовен збор е експресија на самиот чин на сликањето? Сметам дека интересот на авторот беше токму неговата слика да се чита според јасно одреден иконички клуч: композицијата и структурата се редуцираат на состојбата на боената површина, приоритетна е колористичката експресија, често добиена преку густо нанесување на пастата, моменти кога делата ги доведуваше на граница на релјефност, при што изгледаше дека пиктуралното е заменето со пластичното, дека посакуваните оптички сензации како потреба се задоволуваат по пат на 'конкретен' пластицитет на делото. Калчевски направи обид, сакаше да укаже на потенцираната површина на сликата, на нејзината медиумска инертност во однос на просторот - на третата димензија, со намера да предизвика вознемиреност и активно движење кон и вон од физичката околина на сликата. Тој, сепак не дозволи да се изгубат оние значења на чинот на сликањето во кои се интегрирани основните мотиви на колоризмот, се разбира, истовремено и на иконичката матрица. Првичниот впечаток открива дека бојата му послужи како ликовен знак, но таа поседува пиктурални особености кои ја доближуваат нејзината улога и до значења со феноменолошки карактер. Комбинациите на нијансираните тонови (на кафено, сино,



28. СЛИКА 811 / PAINTING 811, 1968
комбинирана техника на дрво / mixed media on wood, 39 x 32



29. СЛИКА / PAINTING, 1968
комбинирана техника на дрво / mixed media on wood, 25 x 37,5

зелено, црвено, окер...) се формирани по некои, за него прифатливи, законитости на правила произлезени од физичко-перцептивните својства на бојата, но и од кодовите на појмовно осмислено структурирање на боите. Поседувајќи ја функцијата да формира знаци или поедноставната варијанта на монохромно покривање на површината, бојата го оствари автономниот пиктурален учинок, притоа реферирајќи (укажувајќи) на светот на сликата и на сликарството. Оттаму, при третманот на неговите дела од лирскиот апстрактен период, но и на оние со енформелни назнаки, многу лесно може да се констатира дека бојата во нив е декоративен елемент, којшто редовно служи за разрешување на визуелната (материјална) појавност во која најчесто се одбегнува симболизацијата. Калчевски моќно ја пронаоѓаше нејзината примарна локација во ликовното поле за да го потттикне и размислувањето за неа во самата слика.

Апстракно-асоцијативните остварувања од крајот на педесеттите, особено првите енформелни решенија од шеесетите, временски се поклопуваат со континуитетот на епохата на егзистенцијализмот и на интуитивното. Сепак, според досегашните согледувања неговиот постоечки енформел само ги задржува јазичните артикулации и правила на референци (констатација на Умберто Еко која важи за значителен број уметници во Европа), кои како празни знаци поседуваат можност понекогаш да предизвикаат рефлексии (на асоцијативно ниво). 'Студениот енформел' (термин промовиран од страна на Ренато Барили) кај Калчевски е резултат на внимателно ликовно софистицираниот избор, во којшто е најбитно поврзувањето и преобликувањето на материјалните конфигурации. На овој начин се рефлектира сликата на високиот модернизам, во која е потенциран оној квалитет на сликарството кој не може да се сподели со другите уметности, а тоа е доминацијата на рамната боена површина (според тезата на Клемент Гринберг). Истовремено треба да се спомене и онаа експресивна и структурална монохромија, состојба на боена површина, текстура на пиктурална површина која ја прикрива подлогата. На овој начин се приближуваме до ставот на Ед Рајнхард (изречена после настанувањето на неговите црни слики) во кој овие монохромии го растоварија сликарството од симболи, од приказни или од експресија.

Црните и белите варијации, а и оние со умерено 'шаренило' на Калчевски се на ниво на т.н. 'неутрални слики' во чија суштина е одразен менталитетот на едно аналитичко, монотоно сликарство. Дали во слоевите на црната и белата маса пиктуралното е нечитливо? Дилемите, претпоставувам, се произлезени од градењето и 'разградувањето' на материјата и на гестот. Задржувањето на виталноста на модернистичката поетика во формална смисла е концентрирано на односот кон материјалот и материјализираниот апстрактен знак (всушност, Калчевски истовремено врши своевидна внатрешна интерпретација и на енформелот и на монохромното сликарство). Организацијата е подложена на чисти синтактички правилности во кои

32. СЛИКА 11-70 / PAINTING 11-70, 1970
комбинирана техника на дрво / mixed media on wood, 122 x 104



СЛИКА 99-80 / PAINTING 99-80, 1980
комбинирана техника на платно / mixed media on canvas, 100 x 81

поединечните елементи во самиот чин на сликањето се вклопуваат во дефинирани структурални системи. Умерената автоматска постапка и аналитичкиот аспект ја демонстрираат процесуалноста на настанување на сликата чие значење во целина е концентрирано на проблемите на нејзината автономна структура. Корените на овој тип на размислувања потекнуваат од методите што ги негуваше словенечката Академијата за ликовни уметности во Љубљана (тој е нејзин студент уште во средината на педесеттите): поставувањето на сликите како аналитички процес, којшто треба да се спроведе во серии, потоа разместувањето на различни или истоветни внатрешни расчленувања на одделни сликовни полиња и нивната координација во целина. Овие методи доведоа и до редукција на сликата на нејзините примарни структурални податоци, иако веднаш се забележува дека тој потполно не ја практикува неутралноста на оптичкиот впечаток. Неговиот афинитет кон сликовноста е добиен преку ситни тонски придвижувања што е причина за моментите кога сликата станува поле за регистрација на ритуалното извршување на сликањето. Така, севкупниот пиктурален живот се одвива внатре во самата дводимензионална површина (со релјефни структури, вибрации како илузија, привид), поконкретно се активира движењето од единствената понудена површина - кон просторот што е околу нас. Достигнат е степенот на еманципирање на ракопис во којшто е присутна желбата за потенција на неговите слики кои се активираат и достигнуваат значително ниво на 'мобилни' структури. Затоа ова сликарство поради својата релативна не-иконичност не смее да ја одбегне класификацијата во еден од подвидовите на апстрактната уметност. Сликарската медитација, преку начинот на изработката не создава конечни позиции на сопрено дело, а бидејќи на тој начин не нуди можност за разрешување на сопствените невидливи 'теоретски' супстанци - како алтернатива се појавува неговиот личен статус, статус на лична изјава која произлегува од 'митологијата' на Калчевски, до која особено денес немаме пристап.

И на крај, наместо завршните одредници за едно творештво, ќе се обидам да артикулирам еден замаглен и нејасен впечаток за неговите (можни) влијанија врз генерацијата на уметници кои се појавија во осумдесеттите години, некои од нив сé уште активно ја формираат ликовната мисла кај нас (Драган Петковиќ, Благоја Маневска, Јован Шумковски, Кољо Мишев, Славчо Соколовски). Донекаде ова е изненадувачка димензија за некое влијание, ако се земе во предвид веќе прифатената теза - дека во нашето поднебје природно егзистира една експресивна нишка. Интересно е што дел од споменатите уметници (или сите тие) во сопственото искуство го имаат вградено експресионистичкиот синдром. Од каде сега Калчевски?
Влијанијата, во секој случај, не се на ниво на манир, па дури не се ни под знакот на некој рационализиран светоглед или став. Тоа, пред сé, би

47. СЛИКА 14-81 / PAINTING 14-81, 1981
масло на платно / oil on canvas, 195 x 130

46. СЛИКА 13-81 / PAINTING 13-81, 1981
масло на платно / oil on canvas, 195 x 130

требало да биде интуитивната тенденција кон формата која ќе понуди излез, или барем ќе се остварува во нејзиното барање, од бремениот проблем на сликата во современиот миг. Присутна е свеста за глобалната криза во која таа се наоѓа, но отсуствува волјата за нејзино напуштање. Елементите на серијалност, монохромност и монотоност, како и силната тенденција кон слика-објект се покажаа како податни можности за изразување и комбинирање во нашите постмодерни состојби. Без искуството на Калчевски тие, веројатно ќе беа поинакви.

Референци:

Петковски, Борис, *Калчевски*, изд. Музеј на современата уметност, Скопје, 1968 (cat. exh.)

Matevski, Mateja. Le monde plastique de Risto Kalčevski, во: *Ivković, Kalčevski,* изд. Galerie Camille Renault, Pariz, 1978 (cat. exh.)

Plastični znak: zbornik tekstova iz teorije vizuelnih umjetnosti, изд. Izdavački centar Rijeka, Rijeka, 1981

Абаџиева Димитрова, Соња, *Ристо Калчевски*, изд. Музеј на современата уметност, Скопје и Фестивал 'Охридско лето', Охрид, 1983 (cat. exh.)

Miško Šuvakovic, *Pojmovnik moderne i postmoderne likovne umetnosti i teorije posle 1950.*, SANU, Beograd, 1999

Небојша Вилиќ, *Македонски современи уметници*, CD-Rom, 2000

Summary

